Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**

**ЗА**

**СТУДИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ: „ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ИСТОЧЕН И СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН“**

Јавната расправа се одржа на ден 06 јуни 2017 (вторник) во просториите на Општина Свети Николе, Голема Сала со почеток во 11 часот. Од Министерството за животна средина и просторно планирање беа присутни г-ѓа Дејана Тодоровска, г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска, г-ѓа Злата Трпевска и г-н Владо Атанасовски. Од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина беа присутни г-ѓа Фана Христовска, г-ѓа Анета Китевска, г-ца Кристина Петровска и г-н Марко Ацевски, како и претставници од Ептиса - спроведувачот на проектот за Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион г-н Андреас Менцис и г-н Виктор Христов.

Расправата ја водеше г-ѓа Дејана Тодоровска со следниот дневен ред:

- Претставување на причината за одржување на јавната расправа и дотогаш реализирани чекори во ОВЖС постапката;
- Претставување на учесниците;
- Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
- Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
- Затварање на јавната расправа.

Откако г-ѓа Дејана Тодоровска ја објасни потребата од одржување на оваа јавна расправа како и потребата од спроведување на ваквата активност и ги претстави сите учесници, збор и се даде на г-ѓа Фана Христовска експерт за оцена на влијанијата врз животната средина. г-ѓа Фана Христовска ја презентираше Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина од спроведување на проектот: Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион.

Презентацијата започна со опис на процедурата за оцена на влијание врз животната средина и содржината на самата студија. Беше објаснет процесот на имплементација односно воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион. Врз основа на самиот процес се даде преглед на можните алтернативи од аспект на соодветно избрана локација и технологија, влијанијата од емисиите врз животната средина како резултат од изградбата, оперативноста и пост-оперативноста на системот, идентифкуваните мерки за надминување, минимизирање и/или ублажување на влијанијата од спроведувањето на проектот и мониторингот во сите фази.

По завршување на презентацијата, г-ѓа Дејана Тодоровска ја отвори дискусијата за предметната Студија.

**<u>Прашање/Констатација:</u>**

**Г-н Блаже Јосифовски (Граѓанска асоцијација „Ајде Македонија“):** Главната мисија на Граѓанската асоцијација „Ајде Македонија“ е да се реши проблемот со отпадот. Во Источниот и Североисточниот регион проблемот со отпадот е голем. Кај браната Мавровица во непосредна близина на Свети Николе има дива депонија која со исцедокот ја загадува водата. Затварањето на депонијата ќе придонесе кон подобрување наквалитетот на водата но и животната средина во целост. Прашањата кои ги постави Г-дин Блаже Јосифовски се следните:

**<u>Прашање: Дали е предвиден посебен план за неформалните собирачи на отпад?</u>**

**<u>Одговор</u>**: **г-ѓа Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Што се однесува до неформалните собирачи кои ја собираат хартијата и пластиката од една страна вршат добра и позитивна работа, но од друга страна често се доведуваат и во ситуација да си го загрозат здравјето. Голем проблем предизвикуваат оние неформални собирачи кои го собираат отпадот од електрична и електронска опрема, бидејќи истите си ги собираат само деловите кои може да ги продадат а остатокот го фрлаат и со тоа ја загадуваат животната средина.

**<u>Одговор</u>**: **г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Неформалните собирачи од една страна не сакаат да бидат формализирани. Тие преку собирањето на хартијата и пластика обезбедуваат плата која стигнува и до 30.000 денари месечно и самите не сакаат да бидат формализирани затоа што ќе мораат да плаќаат даноци, а исто така и ќе ја изгубат и социјалната помош која ја добиваат од државата. Со самото тоа што преку проектот се очекува вработување на лица на постројките истите можат да станат дел од системот.

**<u>Одговор</u>**: Г**-дин Виктор Христов (Консултант на Ептиса):** Неформален сектор нема да има на местата каде се предвидени локалните постројки како и централната постројка. Сите луѓе кои претходно собирале отпад од тие локации но и живееле на тие локации може да бидат вработени на самите постројки. Останатите собирачи ќе продолжат да работат неформално односно да го предаваат отпадот до локалните и централната постројка.

**<u>Прашање: Што ќе се прави со кабастиот отпад и градежниот шут. Дали е предвидено рециклирање и реупотреба, односно од моменталната количина на отпад (120 тони) колкава количина ќе се рециклира а колкава количина ќе се реупотреби?</u>**

**<u>Одговор</u>**: **г-ѓа Ана Каранфилова Мазнева (МЖСПП):** во рамките на проектот во почетната фаза се изврши мерење на квалитетот и квантитетот на отпадот кој се создава во Источниот и Североисточниот регион и податоците за тоа може да се видат во Регионалниот План за Управување со Отпад (РПУО). Од целокупната количина околу 57 % е органски отпад но има и рециклабилни материјали. Целта е на почетокот барем 20 % од отпадот да се рециклира што е и целта на РПУО. Се генерира и зелен отпад со мешан отпад кој ќе се третира по принципот на биостабилизација. Од овој процес ќе нема некоја голема емисија на метан која би предизвикала штета. Ниту еден отпад нема да биде депониран без претходно да се изврши било каков соодветен третман.

**<u>Одговор</u>: г-ѓа Фана Христовска (Експерт за ОВЖС**): Од механичко-биолошката стабилизација ќе се добие производ сличен на компост кој ќе се користи за покривање на депонијата на дневна база. Што се однесува до кабастиот отпад истиот ќе се носи во собирните центри кои се дел од

локалните постројки за управување со отпад и се што може да се искористи ќе биде искористено.

**Одговор**: **г-дин Андреас Менцис (Ептиса):** Она што е земено во предвид околу количината на рециклиран материјал е да се постигнат тие 20 % рециклиран отпад предвидени согласно законите. Исто така, примарната селекција е клучна и таа зависи од граѓаните. Сите треба да ги знаат придобивките од целиот систем како ЕЛС така и НВО секторот но и министерствата кои се клучни за промоција, стимулација и подигање на јавната свест.

**Прашање: Во однос на создавањето на депонискиот гас на колкава температура ќе се гори?**

**Одговор**: **г-дин Андреас Менцис (Ептиса):** Температурата на која ќе се гори депонискиот гас е 850 °C. Топлината која ќе се добие не може да се искористи за снабдување на општина Свети Николе бидејќи локацијата е доста оддалечена од населените места. Исто така нема дистрибутивна мрежа, а изградбата на инфраструктура за пренос на топлина е многу скапа. Единствено,количините кои би се добиле се доста мали и би можело да бидат искористени на самата локација.

**Прашање: Колку е ризичен исцедокот после испуштање дали истиот ќе се третира пред да се испушти?**

**Одговор**: **г-ѓа Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Исцедокот пред да се испушти во канализација или најблизок реципиент ќе биде третиран соодветно со цел да не се наруши квалитетот на водата во реципиентот. Задолжително ќе се почитуваат граничните вредности согласно Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/11 од 15.06.2011). Во ИСКЗ дозволите во детали ќе биде прецизиран начинот на третман и какви анализи, мерења и мониторинг е потребно да се спроведат се со цел исполнување на националното и ЕУ законодавство.

**Констатација: Г-ѓа Живка Михајлова (МОУО во Источен регион):** Во Источниот и Североисточниот регион веќе има воспоставено регионално тело кое е одговорно за спроведување на регионално управување со отпад. Покрај административните структури голем дел од проектите и студиите за ИСУО во Источниот и Североисточниот регион се завршени. Денешната презентација на Студијата ги идентификуваше сите влијанија и се предложени мерки со поставени високи цели за почитување на националното и ЕУ законодавство. Сите кои сме вклучени во проектот ќе дадеме придонес да се подобри регионалното управување со отпад. Очекуваме изградбата и оперативноста на системот да биде по сите прописи. Мониторингот е доста клучен и локацијата за централната постројка е добро избрана. Презентираната студија е сеопфатна и веруваме во препораките од истата. Следен чекор од страна на центрите е објавување на тендери кои се финансирани од ЕУ (неповратен грант).

**Констатација: Г-дин Владо Атанасовски (Сектор природа МЖСПП):** Сите засегнати страни се на иста страна. Да не се заборави да се почитуваат мерките од аспект на заштита на природата.

**Прашање: Г-дин Блаже Јосифовски (Ајде Македонија): Зошто е избран систем на собирање со две канти, а не со повеќе како што е искуството во повеќе европски земји и зошто органскиот отпад не се собира посебно без остатоци од животинско потекло?**

**Одговор**: **г-ѓа Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Свеста кај граѓаните моментално е многу мала и сите се навикнати да го фрлаат својот отпад во една канта. За почеток за воспоставување

на ИСУО ќе се користат две канти и ќе се работи на свеста кај граѓаните. Последователно со подигнување на јавната свест може да се додадат повеќе канти за примарна селекција. Системот е така избран да може да се надградува и проширува без да се изгуби на квалитетот на животната средина.

**<u>Одговор</u>: г-ѓа Ана Каранфилова Мазнева (МЖСПП):** Во Република Македонија моментално функционираат неколку рециклаторни центри кои исто така ќе се користат за рециклирање на отпадот. Општините и Јавните Комунални Претпријатија (ЈКП) моментално не се спремни за регионално управување со отпадот. Поради тоа РПУО кој е изготвен ќе им помогне во работата но и во постигнувањето на националните цели во доменот на интегрирано и самоодржливо управување со отпадот. Се правеа многу анализи и оваа испадна како најдобра. Да си дозволиме систем кој може да го платиме. Нови дополнителни решенија ќе се спроведат кога ќе се има доволно финансии. Цената за комуналии нема драстично да се зголеми.

**<u>Одговор</u>: Г-дин Виктор Христов (Консултант на Ептиса):** Со финансиите кои ни беа обезбедени можеше да се постави само систем за собирање со две канти и врз тој систем да се проектира целокупниот систем за регионално управување.

**<u>Одговор</u>: г-дин Андреас Менцис (Ептиса):** Системот е поставен на тој начин да доколку во иднина се појави потреба од уште една канта за органски отпад или некој друг отпад, тоа лесно ќе може да се спроведе бидејќи со проектот веќе ќе има воспоставено инфраструктура.

По завршената дискусија, г-ѓа Дејана Тодоровска им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа во 12:45 часот.

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 6 јуни 2017 година (вторник), Голема Сала на Општина Свети Николе

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Стамболиева | ЕЛС Св. Николе | 078 399-330 | stambolieva.kate@gmail.com | [signature] |
| Елена Николова | ЕЛС Св. Николе | 078-294-934 | elena-ela.nikolova@hotmail.com | [signature] |
| Дарко Јованов | — | 075 421 191 | jovanov.darko@yahoo.com | [signature] |
| Блаже [illegible] | АДЕ Македонија | 075 280 104 | blaze@ademakedonija.mk | [signature] |
| Благој Стамболиев | ОО Св. Николе општ. инспект. | 071-217-485 | | [signature] |
| Христов Виктор | EPTISA/EPEM | 070275033 | viktorhr@t.mk | [signature] |
| Злата [illegible] | МЖСПП | 076455415 | zlata707@yahoo.com | [signature] |
| Влада Атанасовски | МЖСПП | 075 240 973 | v.atanasovski@moepp.gov | [signature] |
| Бранко Горгиевски | ЕЛС | 076376381 | | [signature] |
| Antonis Mertzis | EPEM | | amertzis@epem.gr | [signature] |
| Ана Карафиловска | М. МЖСПП | 075354984 | A.karafilovska@moepp.gov.mk | [signature] |

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

# Листа на учесници

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 6 јуни 2017 година (вторник), Голема Сала на Општина Свети Николе

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Дејан Тодоровски | МЖСПП | 076 455 428 | d.todorovski@moepp.gov.mk | [signature] |
| Драги Милановс | ЕЛС | 070/322 846 | — | [signature] |
| Ценка Николова | Стручна служба на НОЈО во ИПР | 071 246 493 | mihajlova@ probiship.gov.mk | [signature] |
| Јордан Михајловски | ЈКП „Комуналец" Св. Николе | 076/376 403 | jordanmihajlovski @yahoo.com | [signature] |
| Фани Христовски | Локален консултант ЕПТИСА | 071240809 | fhristovski@yahoo.com | [signature] |
| Александар Марко | Експерт за биодиверзитет | 070 443 054 | marko.arsovski @yahoo.com | [signature] |
| Анета Китевска | Локален консулт. ЕПТИСА | 078/344904 | akitevska@yahoo.com | [signature] |
| Кристина Петровска | Локален конс. ЕПТИСА | 078/413-350 | kristinapetrovska 12@gmail.com | [signature] |
| Сабрина Нурај | ЕПТИСА | 071 33 64 67 | wastenmk@eptisa.com | [signature] |
| | | | | |
| | | | | |